**20181863394**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 115/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.10.2018 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

Член 1

Во Одлуката за формирање на Националниот совет за одржлив развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2010) во членот 2, став 1, по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- следење на процесот на интегрирање на Целите за одржлив развој и Агендата 2030 на Обединетите нации при изработката на национални стратешки документи“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„ Националниот совет за одржлив развој го сочинуваат:

- заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- министерот за животна средина и просторно планирање,
- министерот за локална самоуправа,
- министерот за економија,
- министерот за труд и социјална политика,
- министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- министерот за финансии,
- министерот за информатичко општество и адмиистрација,
- министерот за транспорт и врски,
- министерот за надворешни работи,
- министерот за образование и наука,
- министерот за здравство,
- министерот за правда,
- двајца пратеници од Собранието на Република Македонија,
- претставник од Македонската академија на науките и уметностите,
- по еден претставник од:
  • Стопанската комора на Македонија,
  • Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии,
  • Стопанската комора на Северозападна Македонија и
  • Сојузот на стопански комори на Македонија.
- еден експерт за одржлив развој, двајца со потесна специјалност од областа на економијата, еден претставник со потесна специјалност од областа на социјалниот развој и еден претставник со потесна специјалност од областа на заштитата на животната средина, кои ќе бидат избрани од следните универзитети:
  • Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје,
  • Универзитет Св. Климент Охридски - Битола,

• Универзитет Гоце Делчев - Штип,
• Државен универзитет во Тетово - Тетово и
• Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово. “

Член 3

Во членот 5, зборот „Претседателот“ се заменува со зборот „Претседавачот“, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „и другите членови на Националниот совет за одржлив развој.“.

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

„ Логистичката поддршка на Националниот совет за одржлив развој ќе ја координира и врши Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

Експертската и техничката поддршка на Националниот совет за одржлив развој ќе ја врши Техничката работна група на Националниот совет за одржлив развој, а ќе ја координира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори“.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9099/1
2 октомври 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.